ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2023 07 06/1

Скопје, март 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметка на основен буџет (630) за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметка на основен буџет (630), за 2009 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Шуто Оризари, сметка на основен буџет (630) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- побарувањата со состојба на 31.12.2022 година не се реално и објективно прикажани;
- статутот на општината не е усогласен со законските прописи;
- слабости при буџетирањето, односно реализирани се околу 75% од планираните приходи и 68% од планираните расходи со буџетот за 2022 година;
- во општината не е воспоставен регистар на недвижен имот;
- недоследности во примена на законските одредби во постапувањето по барања по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, неутврдени програмски активности и не доставен годишен извештај до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата остварени од надоместокот по овој основ;
- не е назначен одговорен сметководител и не е воспоставена единица за внатрешна ревизија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Останати прашања истакнуваме системски слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините кои се однесуваат на:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;

- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. | Останати прашања | 9 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 11 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 12 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 12 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 12 |
| 9. | Одговор на ревидираниот субјект | 14 |
| | Финансиски извештаи за 2022 година | |
| | Биланс на приходи и расходи | 15 |
| | Биланс на состојба | 16 |
| | Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| | Вовед | 17 |
| | Сметководствени политики | 21 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 24 |

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓанинот |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |

Број: 16-244/7
Дата: 13.03.2024

## 1. Вовед

Општина Шуто Оризари е единица на локалната самоуправа формирана согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1]. Нејзиното подрачје ги опфаќа селата Горно и Долно Оризари.

Општина Шуто Оризари се наоѓа на подрачјето на градот Скопје и со член 15 од Законот за градот Скопје[2] се регулирани нејзините надлежности од јавен интерес од локално значење што се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, надзор над вршењето на работите од нејзина надлежности и други работи определени со закон.

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04,12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна 14 и 15 на Општина Шуто Оризари за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Шуто Оризари на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (630), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи

3.1.1. На 31.12.2022 година, во Билансот на состојба искажани се побарувања во вкупен износ од 46.360 илјада денари. Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- од вкупните побарувања, 46.083 илјади денари (99%) се однесуваат на побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија за чие администрирање е надлежен Град Скопје. Општината на крајот на секоја година добива преглед од Град Скопје за побарувањата со 31.12. и доставени опомени и решенија за присилна наплата за последните две години, но истиот не содржи податоци за старосната структура на побарувањата, поради што општината не е во можност истите да ги евидентира на соодветните биланси позиции, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- евидентирани се вкупно 745 илјади денари побарувања од физички лица по основ на надомест за уредување на градежно земјиште кои потекнуваат од минати години (2008 година), за кои општината нема доказ дека се преземени мерки и активности за нивна наплата, и истите согласно член 360 од Законот за облигационите односи според кој општиот рок на застареност е 5 години, се застарени и не постои можност за нивна наплата;
- побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не се евидентираат во сметководствената евиденција во моментот на настанување, бидејќи заклучокот по кое се задолжува странката не секогаш се доставува до одделението за финансиски прашања. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 7 став 2 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и доведува на крајот на пресметковниот период побарувањата по овој основ да имаат претплатно салдо во износ од 468 илјади денари, за кој износ вкупните побарувањата се прикажани во помал износ.

Ваквата состојба на внесување на податоци во деловните книги без веродостојни и уредни сметководствени документи не дава реална слика за објективно прикажување на побарувањата во финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- одговорните лица во општината во соработка со Град Скопје навремено и редовно да вршат обезбедување на целосна документација за правилно

евидентирање на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија;
- надлежните служби од одделението за урбанизам навремено да ја доставуваат потребната документација за надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до одделението за финансиски прашања, за нивно соодветно евидентирање.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Вршењето на надлежностите на Општина Шуто Оризари покрај со Законот за локалната самоуправа[3] и Законот за градот Скопје е регулирано и со статутот на општината.

Општина Шуто Оризари работи согласно Статут донесен во 1997 година, кој не е усогласен со Законот за локалната самоуправа, а со член 91 и 94 од Законот тоа требало да се направи заклучно со август 2002 година. За оваа состојба известено е и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година.

Изготвен е пречистен текст на статутот на Општина Шуто Оризари[4], кој не е усвоен од советот и за кој утврдивме неусогласеност со одредбите од Законот во делот на надлежностите на општината, финансирањето, организацијата и работењето на органите на општината, начинот на информирање на граѓаните, месната самоуправа, организацијата и работењето на комисиите на советот и други прашања од значење на локалната самоуправа.

Имајќи го предвид член 7 од Законот за локалната самоуправа, според кој општината вршењето на своите надлежности ги уредува со Статут и други прописи, неговото неусвојување како највисок акт на општината, го доведува во прашање редовното функционирање на нејзините органи и создава услови за незаконско работење на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе активности за изготвување на Статут усогласен со Законот за локалната самоуправа кој ќе го предложи на усвојување на советот на општината.

3.2.2. Општина Шуто Оризари со буџетот за 2022 година има планирано приходи и расходи во износ од 105.807 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 79.891 илјада денари и расходи во износ од

[3] „Службен весник на Република Македонија бр. 05/02“
[4] Деловоден број 08-710/15 од 15.09.2023 година

71.931 илјада денари. Планираните приходи се остварени со процент од 75,5 %, а расходите со 68 %.

Значително отстапување на остварените приходи во однос на планираните бележат приходите од надоместокот за уредување на градежно земјиште 59,68%, за разлика од данокот на имот каде има остварено 52% повеќе од планираното.

Кај расходите, значително е отстапувањето при реализацијата во однос на планираните средства кај капиталните објекти и тоа изградба на улици, патишта и автопати за 40 %.

Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот. Во текот на 2022 година, извршени се пет измени и дополнувања (ребаланс) на буџетот за 2022 година, но не се надминати состојбите на неусогласеност на планираните и реализирани приходи и расходи.

Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредна година.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности:

- при изготвување на буџетот, планирањето на буџетските приходи и расходи да се темели на реалните состојби и можности, врз основа на историски податоци, податоци за остварувањата во претходните години имајќи ги во предвид одредбите од член 22 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- во текот на годината да се следи извршувањето на буџетот и со ребалансот да се надминуваат отстапувањата во планираните и реализираните приходи и расходи.

3.2.3. Општина Шуто Оризари не води регистар за недвижен имот, обврска предвидена со член 39 од Законот за даноците на имот[5], согласно кој администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на Градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот, како база на податоци со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина на земјиштето и зградите, вредност на имотот, даночни стапки и решенија за платен данок. Регистарот за недвижен имот со сите соодветни податоци го

[5] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21

води Град Скопје[6], а Општина Шуто Оризари не ја користи можноста за увид во регистарот на податоците за даночни обврзници на нејзина територија, за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската.

Во 2010 година, склучена е Спогодба помеѓу Град Скопје и општините во Град Скопје согласно која општините се задолжени да иницираат активности за ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот кој го води градот, да ги информираат граѓаните за начинот и постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување, помош на обврзниците во пополнувањето на даночната пријава за непријавениот имот како и да ги информираат за висината на законски пропишаните казни во случај да не поднесат даночна пријава за постојниот имот.

Исто така, Општина Шуто Оризари нема доставено податоци за состојбата на Регистарот за недвижен имот и Регистарот на подвижен имот до Централниот Регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи, што не е во согласност со член 39 од Законот за даноци на имот.

Со цел ажурирање на регистарот кој го води Град Скопје, утврдивме дека општината во периодот 2021 и 2022 година до градот Скопје доставува решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти како истите би се вовеле во регистарот на недвижен имот што го води Градот Скопје.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за воспоставување на Регистар за недвижен имот и навремено да ги доставува податоците за состојбата на Регистарот за недвижен имот и подвижен имот до Централниот Регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи.

3.2.4. Со Законот за постапување со бесправно изградени објекти[7] се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Во Општина Шуто Оризари, поднесени се вкупно 6.805 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, од кои 4.257 се решени и 2.548 барања се во постапка.

Со извршените детални тестирања ги утврдивме следните состојби:

- за поднесените барања кои не се комплетни, не се изготвува Заклучок за прекин на постапката се до комплетирање на барањето, што не е во согласност со член 10 од Законот. На овој начин не може да се потврди во

[6] Член 48 од Законот за градот Скопје

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15,217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21

кој момент подносителот на барањето го комплетирал предметот и од кога започнуваат да течат роковите за постапување;

- записниците од увид на лице место се изготвуваат во просториите на општината и истите не содржат потписи на членовите на комисијата со што не може да се потврди дека е извршен увид на лице место од кој ќе се потврди фактичката состојба и дали истата соодветствува со елаборатот кој е доставен во предметот. Ваквото постапување не е во согласност со член 9 од Законот;
- средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти согласно член 20 став 10 од Законот треба да бидат искористени наменски и тоа за донесување на урбанистички планови со кои ќе се вклопат бесправните објекти во урбанистичко планската документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите. Во Програмата за урбано планирање на Општина Шуто Оризари не е предвидено дека средствата собрани од овој надоместок ќе бидат искористени за оваа намена;
- Општината нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2022 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до Министерството за транспорт и врски што влијае на транспарентноста на трошењето на средствата собрани по овој основ.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки и активности при постапување со предметите кои се однесуваат на утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, да се:

- носат заклучоци за запирање на постапките во ситуација на некомплетни предмети;
- составува записник од увид на лице место потврден од страна на комисијата;
- средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти да се планираат во програмата за урбано планирање на општината и да се доставува извештај за нивното користење до Министерството за транспорт и врски.

3.2.5. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Шуто Оризари предвидено е работно место советник - одговорен сметководител, но истото не е пополнето. Ваквото постапување не е во согласност со член 16 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и

буџетските корисници[8] според кој градоначалникот одредува одговорен сметководител за водење на деловни книги, сметководствени документи, обработка на податоците и изработка на годишните извештаи за буџетот на општината и член 36 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[9] каде е пропишано дека градоначалникот одредува одговорен сметководител. Поради отсуството на одговорен сметководител, финансиската документација е одобрена само од градоначалникот.

Ваквото постапување не дава уверување дека финансиските промени, односно трансакции се извршени во согласност со законските прописи, постои соодветна сметководствена документација и финансиските извештаи обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и за финансиските трансакции.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за воспоставување на редовна внатрешна сметководствена контрола и вработување на стручно лице - овластен сметководител.

3.2.6. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Шуто Оризари не е предвидена единица за внатрешна ревизија како посебен организационен облик со што не е испочитуван член 33 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[10] и не е искористена можноста за воспоставување на меѓу општинска соработка што претставува причина за не преземени активности за извршување на внатрешната ревизија (повелба за внатрешна ревизија, стратешки и годишен план, реализирани ревизии).

Не воспоставената внатрешна ревизија не му овозможува на раководството да добие информации за: постоење и функционирање на интерните контроли, веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за воспоставување на единица за внатрешна ревизија преку нејзино предвидување во Правилникот за систематизација на работните места или преку воспоставување на меѓу општинска соработка.

---

[8]Службен весник на Република Македонија бр. 61/02, 98/02,81/05, 24/11,145/15 и 170/17 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21

[9]Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22)

[10] Службен весник на Република Македонија бр. 90/09, 188/13 и 192/15

## 4. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденува системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

4.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

### Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување

4.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско

друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот**

4.3. Согласно член 39 од Законот за даноците на имот општините, општините во градот Скопје и градот Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локалната самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локалната самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во

градот и општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локалната самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, Управата за јавни приходи, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

4.4. Во текот на 2022 година по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти остварен е приход во вкупен износ од 1.183 илјади денари. Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти[11] заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект се изготвува од страна на општината, а обврската за плаќање на надоместокот настанува во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот. Доколку не се плати во утврдениот рок законот предвидува можност за одложено плаќање на дванаесет месечни рати. Со извршената анализа на законското решение во делот на наплатата на надоместокот, констатиравме дека по изготвување на заклучокот за плаќање на надоместокот нема пропишан законски рок за подигнување на заклучокот и следење на рокот за негова наплата.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 24.11.2023 година до 31.12.2023 година, кај Општина Шуто Оризари за сметка на основен буџет (630) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметката на основен буџет (630), за 2009 година при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

[11] „Сл. весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Општина Шуто Оризари, застапувано од:

- Курто Дудуш, Градоначалник на Општина Шуто Оризари од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе

комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Шуто Оризари, одржан на ден 18.01.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Општина Шуто Оризари

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 54.021 | 31.661 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 267 | 259 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1.183 | 1.456 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 24.420 | 19.182 |
| **Вкупно приходи** | | 79.891 | 52.558 |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.5.1. | 12.768 | 11.235 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 34.371 | 22.933 |
| Каматни плаќања | 3.5.3. | 2 | 10 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 4.180 | 573 |
| Социјални бенифиции | 3.5.5. | 209 | 86 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 51.530 | 34.837 |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 15.601 | 10.921 |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.7. | 4.800 | 3.600 |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | 71.931 | 49.358 |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | 3.8. | 7.960 | 3.200 |

Општина Шуто Оризари

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2022 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.960 | 3.200 |
| Побарувања | 4.1.2. | 46.360 | 44.826 |
| Вкупно тековни средства | | 54.320 | 48.026 |
| Вкупна актива | | 54.320 | 48.026 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 54.320 | 48.026 |
| Вкупно краткорочни обврски | | 54.320 | 48.026 |
| Вкупна пасива | | 54.320 | 48.026 |